FINANCE THINK OUT OF THE BOX | HR EXCELLENCE IN RESEARCH

# Дали „Мој ДДВ“ придонесува за намалување на сивата економија?




**Скенирањето на фискалните сметки со цел враќање на дел од платениот ДДВ кога физичките лица купуваат стоки и услуги, од 2019 година наваму, наиде и на различни очекувања во општата јавност. За поддржувачите тоа значеше мал но значаен дополнителен приход, додека за неподдржувачите понатамошно нерационално трошење на јавните пари со цел прибирање политички поени. Владата, пак, аргументираше дека со мерката позната како „Мој ДДВ“, секој граѓанин ќе биде даночен инспектор и ќе помогне во сузбивањето на сивата економија.**

**Бриф за политиките бр. 62**

**Наодите во брифот препорачуваат мерката да се задржи, но нејзиниот ефект да се преоцени по одредено време. Министерството за финансии и Управата за јавни приходи мора да ја комбинираат мерката со засилен инспекциски надзор и непристрастна казнивост при потизвестување на прометот преку неиздавање фискални сметки.**

## ВОВЕД

Во јули 2019 година, Владата на Северна Македонија предложи законско решение со кое на физичките лица – граѓаните ќе им се врши враќање на дел од износот на даконот на додадена вредност (ДДВ) кој тие го платиле на дел од својата потрошувачка (Закон за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физички лица, Службен весник на РСМ, бр.133/19...244/20). Притоа, повратот на ДДВ не се однесува на фискални сметки за кои е издаден документ кон правно лице или физичко лице кое врши самостојна дејност, ниту за фискални сметки издадени од лица кои вршат континуиран промет, категорија во која главно спаѓаат сметките за потрошени комунални услуги.

Операционализирањето на законот се овозможи преку смарт-фон апликација „Мој ДДВ“, која овозможува скенирање на издадени фискални сметки, за поврат кој првично се определи во обем од 15% од платениот ДДВ, а подоцна овој износ се диференцираше на 20% поврат од уплатениот ДДВ за прометот на македонски производи и услуги и 10% за увезени производи и услуги. Притоа, се постави плафон односно максимален износ кој ќе може да го побарува секое регистрирано физичко лице за стекнување право на поврат, во износ од 1.800 денари квартално, односно 7.200 денари годишно. Под претпоставка дека ефективната стапка на ДДВ на потрошувачката е околу 12% (ако се земе предвид општата стапка од 18% и повластените стапки од 5% и 10%), тогаш кварталниот износ на потрошувачка неопходна за да се достигне максималниот износ на вратен ДДВ за граѓаните изнесува околу 33.000 денари месечно за поединец, односно 67.000 денари за четиричлено домаќинство од двајца возрасни и две деца.

Главниот аргумент на Владата и Министерството за финансии се состои во тоа дека со стимулирање на граѓаните да бараат поврат на платениот ДДВ за купените стоки и услуги – или, жаргонски кажано, да скенираат сметки – ќе се придонесе кон сузбивање на сивата економија. Според пресметките од Finance Think, сивата економија во Северна Македонија изнесува околу 23% од БДП, и нема тренд на намалување од 2013 наваму. Според понатамошните пресметки, 41% од сивата економија се должи на пријавувањето помал промет од економските субјекти кои остваруваат промет, преку неиздавање фискални сметки. Притоа, овие субјекти може да се регистрирани за целите на ДДВ и да не издаваат фискални сметки за да платат помал износ на нето ДДВ кон државата, или да не се регистрирани за целите на ДДВ и да не издаваат фискални сметки за да не го надминат прагот над кој ДДВ регистрацијата е задолжителна.

## ЦЕЛ

Целта на овој бриф за политиките е да процени дали воведувањето на мерката „Мој ДДВ“ - физичките лица да може да повратат дел од платениот ДДВ при финалната потрошувачка на добра и услуги, придонела кон намалување на сивата економија и во кој обем.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПОДАТОЦИ

За целите на анализата, ги користиме нето приходите од ДДВ објавени од Министерството за финансии, како главен индикатор кој е предмет на истражување. Нашата цел, во техничка смисла на зборот, е да утврдиме дали во серијата за прибраното нето ДДВ може да се идентификува структурна промена која може да се припише на отпочнувањето на мерката „Мој ДДВ“.

За оваа цел, ќе поставиме едноставен модел, како што следи:

$$vat_t=\alpha+\beta_1 gdp_t+\beta_2 vat_return_t+\varepsilon_t$$

Кадешто: $vat_t$ е логаритам од нето прибраното ДДВ во време t, $gdp_t$ е логаритам од БДП во номинална вредност во време t, $vat_return_t$ е бинарна променлива која зема вредност 1 за периодот по воведување на мерката „Мој ДДВ“, и 0 за периодот пред тоа, и $\varepsilon_t$ е идиосинкратска грешка за која се претпоставува дека има стандардни особини.

Предмет на анализа е периодот од 2010 заклучно со 2022, преку користење квартални податоци, така што периодот по воведување на мерката е 2019:К3 до 2022:К4. Користењето квартални наместо месечни податоци е одредено од расположливоста на БДП кој е достапен најмалку на квартално ниво, без оглед што приходите од ДДВ се достапни на месечно ниво. Двете серии се прилагодени за сезонска флуктуација преку користење на сезонскиот Холт-Винтерс метод.

Равенката се оценува преку методот на најмали квадрати со стандардни грешки кои се робустни на арбитрарна хетероскедастичност и автокорелација од ред еден. Нашиот интерес е коефициентот $\beta_2$ кој треба да покаже дали воведувањето на мерката „Мој ДДВ“ извршило статистички значајно влијание врз приходите од ДДВ, различно од влијанието што го вршат другите фактори, овде опфатени преку вклучувањето на БДП. Основната премиса на овој модел е дека клучните фактори кои го одредуваат приходот од ДДВ се опфатени со номиналниот БДП, односно од тоа колку економијата расте поради создавањето поголем доход последица на поголем обем и продуктивност на факторите на производство, како и од тоа колку таа расте поради пораст на цените. Во таа смисла, моделот не опфаќа фактори кои што се од друг, краткорочен и ад-хок карактер.



## РЕЗУЛТАТИ

### *Дали „Мој ДДВ“ направи структурно зголемување на приходите од ДДВ?*

Во следната табела се дадени резултатите од моделот кој го оценуваме.

Табела: Оценка на моделот за ефектот од „Мој ДДВ“ врз приходите од ДДВ

| Зависна променлива: Лог нето приходи од ДДВ | | |
|---|---|---|
| | Неприлагодени серии | Сезонски прилагодени серии |
| | | |
| Лог номинален БДП | 0.744*** | 0.690*** |
| | (0.109) | (0.042) |
| Мерка за поврат на ДДВ на физички лица | 0.0388 | 0.0313* |
| | (0.059) | (0.021) |
| Константа | 0.494 | 1.136** |
| | (1.294) | (0.495) |
| | | |
| Опсервации | 52 | 52 |
| R-квадрат | 0.753 | 0.888 |

*Извор: Пресметки на Finance Think.*
**, ** и *** означуваат статистичка значајност на 10%, 5% и 1%-но ниво, соодветно.*
*Стандардните грешки се дадени во загради.*

Од оценетиот модел може да се забележи дека БДП има значајно влијание врз прибраните приходи од ДДВ, во обем според кој пораст на номиналниот БДП за 1% придонесува за пораст на приходите од ДДВ за 0.7% до 0.74%, останатото непроменето.

Променливата од наш интерес – воведувањето на поврат на ДДВ за физичките лица – мерка „Мој ДДВ“, е статистички значајна само кај сезонски прилагодените серии, коишто секако за нас се позначајни. Проценетиот коефициент укажува дека воведувањето на мерката „Мој ДДВ“, во просек, придонесло за повисоки приходи од ДДВ во обем од 3.1%, останатото непроменето. Овој наод укажува дека мерката извршила позитивно влијание врз приходите од ДДВ, над ефектот од другите фактори опфатени преку порастот на економијата во целина.

Сепак, статистички, оценетиот коефициент е значаен само на 10%-но ниво, односно маргината за грешка на овој коефициент се движи до високи 9.8%, односно имплицира проценет интервал на овој коефициент од 0.1% до 6.3%. Тоа укажува дека вистинскиот ефект од мерката „Мој ДДВ“ се движи од никаков (0.1%) па до двоен во однос на точкестата оценка од 3.1%. Во таа смисла, оценетиот коефициент треба да се земе со голема претпазливост и да биде предмет на реоценување по извесно време, откако ќе стане достапна подолга серија.

За да испитаме кога е настаната структурната промена, направивме дополнителна економетриска проценка на непозната структурна промена во серијата[1] и го идентификувавме првиот квартал од 2021 година како време на промената. Потоа ја оценивме значајноста на структурната промена од третиот квартал од 2019 година,[2] за што добивме p-вредност од 0.000, односно оваа структурна промена беше потврдена.

Оттука, имаме определена но не и целосна потврда на наодот дека мерката „Мој ДДВ“ направила структурна промена – во насока на зголемување – на приходите од ДДВ во буџетот на Северна Македонија. Фактот што самиот модел го идентификува 2021:К1 а не 2019:К3 како време на промената, сепак, може да укажува на неколку потенцијални објаснувања: 1) од почетокот до целосното ефектуирање на мерката било потребно време; 2) други фактори кои во моделот на се вклучени влијаеле за структурно зголемување на приходите од ДДВ, што моделот го припишува на мерката, 3) длабоките нарушувања кои настанаа со пандемијата во 2020 година внесуваат огромен шум во податоците што оневозможува јасно идентификување на структурната промена.

[1] Со командата sbsingle.

[2] Со командата sbknown.

## *Што значи структурното зголемување на приходите од ДДВ за сивата економија?*

Под претпоставка дека ефектот од мерката „Мој ДДВ“ е во обем од 3.1% зголемување на приходите од ДДВ, згора на зголемувањето водено од порастот на економијата и на цените, можеме да пресметаме колкав дел од неформалната економија атрибуиран на потизвестувањето на прометот преку неиздавање фискални сметки е формализиран.

Ги користиме оценките од Finance Think за обемот на сивата економија. Притоа, вршиме проценка на обемот од сивата економија кој би бил формализиран доколку приходите од ДДВ во годините пред воведувањето на мерката „Мој ДДВ“ биле поголеми за статичките 3.1% кои ги утврдивме во претходниот модел. Следната табела ги дава резултатите.

Според наодите, во просек околу 10% од обемот на неформалната економија би бил намален односно префрлен во формалната економија со мерката „Мој ДДВ“, што е еквивалент на 2.3 процентни поени од обемот на сивата економија пресметан од Finance Think.

Табела: Ефектот од „Мој ДДВ“ врз неформалната економија

| | Вкупен номинален БДП | Нето приходи од ДДВ | Оценет обем на неформалниот БДП | | Formal economy | Дополнителен ДДВ ако постоеше мерката „Мој ДДВ“ | Формализиран БДП со мерката „Мој ДДВ“ | Удел на формализираниот БДП во неформалниот БДП | Неформален БДП кој исклучува формализиран дел поради мерката | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мил. денари | Мил. денари | % од вк. БДП | Мил. денари | Мил. денари | Мил. денари | Мил. денари | % | % од БДП | Проц. поени |
| 2014 | 527,631 | 59,382 | 23.9 | 126,104 | 401,527 | 1,859 | 12,190 | 9.7% | 21.6% | 2.31 |
| 2015 | 558,954 | 61,037 | 24.1 | 134,708 | 424,246 | 1,911 | 12,880 | 9.6% | 21.8% | 2.30 |
| 2016 | 594,795 | 65,195 | 23.7 | 140,966 | 453,829 | 2,041 | 13,778 | 9.8% | 21.4% | 2.32 |
| 2017 | 618,106 | 68,532 | 23.0 | 142,164 | 475,942 | 2,146 | 14,449 | 10.2% | 20.7% | 2.34 |
| 2018 | 660,877 | 73,871 | 23.1 | 152,663 | 508,214 | 2,313 | 15,429 | 10.1% | 20.8% | 2.33 |

*Извор: Пресметки на Finance Think.*
**, ** и *** означуваат статистичка значајност на 10%, 5% и 1%-но ниво, соодветно. Стандардните грешки се дадени во загради.*

## ЗАКЛУЧОК

Мерката „Мој ДДВ", односно поврат на дел од платениот ДДВ при промет на добра и услуги од страна на физичките лица, е проценета за ефективна во структурно зголемување на приходите од ДДВ. Поконкретно, се проценува дека поради мерката, приходите од ДДВ се повисоки за 3.1%, во просек, згора на нивниот раст одреден од растот на економијата и цените.

Сепак, проценетото влијание е со статистичка значајност од 10% (наместо вообичаените 5% или помалку), додека соодветните тестови го идентификуваат 2021:К1 како време на структурна промена наместо 2019:К3, времето кога мерката е воведена. Ова може да се должи на влијание на други фактори, на времето потребно мерката целосно да се ефектуира, како и на драматичните нарушувања на економските текови во текот на пандемијата. Сето тоа налага особена внимателност во користењето на овој наод.

Понатамошните пресметки покажаа дека, во просек, околу 10% од обемот на неформалната економија е намален односно префрлен во формалната економија со мерката „Мој ДДВ", што е еквивалент на 2.3 процентни поени од обемот на сивата економија пресметан од Finance Think. Ако се земе предвид грубата оценка дека 41% од неформалната економија се должи на потизвестување на прометот со неиздавање фискални сметки, тогаш влијанието на „Мој ДДВ" во обем од 10%, односно ¼ (една четвртина) од вкупниот обем на оваа појава, може да се смета за значаен, но недоволен. Наодите укажуваат дека се потребни понатамошни напори за поголема ефективност на мерката во сузбивањето на сивата економија, како и на тоа дека ниедна стимулативна мерка не може да биде целосна замена за инспекцискот надзор и казнивоста при спроведувањето на законите и наплатата на делот кој ѝ припаѓа на државата.




**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да го подобриме влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2,
1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk